

**ЈУДАИЗМОТ- РЕЛИГИЈАТА НА ЕВРЕИТЕ**

**Според пишаните документи, религија е контроверзен поим што некогаш се користи како синоним за вера, се дефинира како верба во нешто натприродно, свето или божествено, притоа има и морални кодови, обичаи и институции поврзани со таа верба. Во најширока смисла, некои го дефинираат поимот како збир на одговори дадени како објаснување за врската на човештвото со вселената**

Може да се дефинира и као општествена појава која подлежи на некои одредени

закони, и може да се согледа како духовна поврзаност на една група на луѓе со некое вишо, свето битие односно со Бог/ Божество. Низ вековите се имаат создадено голем број на религиозни форми, но денес, низ светот доминираат само неколку големи светски религии.

Една од големите светски религии е, секако, јудаизмот. Тоа е  религија на Евреите ширум светот со околу 14 милиони следбеници. Јудаизмот е една од првите запишани монотеистички вери и една од најстарите религиозни традиции кои се применуваат денес. Вредностите и историјата на Евреите се голем дел од основата на другите Авраамски религии како самартијанизмот, исламот и христијанството.

Јудаизмот е прва монотеистичка религија во историјата и се верува во еден бог - Јахве (Богот Јахве, Богот на Евреите, всушност, нема име затоа што Јахве буквално значи - „јас сум тоа што сум“.)

Јудаизмот како религија настанал во вториот милениум пр.н.е. Тој претставува основа од којашто се развиле христијанството и исламот. Јудаизмот е, главно, религија на еврејскиот народ, а е присутна во сите континенти и е мултинационална вероисповед. Оваа религија проповеда верување во еден бог кој се вика Бог, но во Стариот завет е истовремено наречен Јахве, Елохим, Адонај и редица други имиња.


CRIMINAL SIEGE & OCCUPATION
www.nkEurope.org
ZIONISM
AND
JUDAISM
ARE
DIAMETRICLLY
OPPOSED
www.nkEurope.org
VICE





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**